Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 40, 17 мај 2010 година

мај 2010 година
Штип

СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор асистент за научната област математика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 4

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област информатика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 6

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент од наставно-научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 9

**РЕФЕРАТ** за избор на еден помлад асистент/асистент за наставно-научното подрачје биологија, биохемија и физиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 12

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за наставно-научното подрачје хигиена на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 20

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното подрачје клиничка медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 23

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 31

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното подрачје фармација на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 34

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звање предавач за наставната област логопедија на Високата здравствена школа при Факултетот за медицински науки во состав на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 39

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област кинезитерапија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 42

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област ортопедски болести на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 45

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент / асистент за наставно - научното подрачје фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 49

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање доцент за наставно-научната уметничка област пијано, камерна музика и методика на наставата по клавишни инструменти на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 55

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за Наставно-уметничко подрачје пијано на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 61

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник за наставно-научната уметничка област методика на наставата по народни ора на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 64

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник помлад асистент/асистент по група предмети од наставно-научната област правни науки на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 76

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник помлад асистент/асистент по група предмети од наставно-научната област граѓанско право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 79

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област уставно право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 85

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник помлад асистент/асистент по група предмети од наставно-научната област деловно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 89

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник помлад асистент/асистент по група предмети од наставно-научната област казнено право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 96

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник помлад асистент по група предмети од наставно-научната област теоретско-правни науки на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 100

**РЕФЕРАТ** за избор на лектор по германски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 104

**РЕФЕРАТ** За избор на двајца помлади лектори по англиски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 108

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад лектор по руски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 112

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебното помагало „Практикум по механизација во земјоделското производство“ од Ристо Кукутанов од Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип и асистент м-р Иле Цанев од Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје ..... 115

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот Механизација во земјоделското производство од авторите проф. Д-р Ристо Кукутанов од Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип и асистент м-р Иле Цанев од Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје ..... 118

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ УСТАВНО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, бр. 1602/52/78 од 31 март 2009 година, формирана е Рецензентска комисија за избор на ***помлад асистент*** за научната област ***уставно право*** во состав:

1. д-р Светомир Шкариќ, редовен професор;
2. д-р Ананиев Јован, доцент;
3. д-р Љупчо Сотировски, доцент.

Врз основа на пријавените кандидати на Конкурсот за избор на наставници и соработници на факултетите во состав на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, објавен во весникот „Дневник“ на 4 февруари 2010 година, Рецензентската комисија го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На Конкурсот за избор на помлад асистент за научната област ***уставно право*** се пријавија пет кандидати: Владимир Арсов, Ефимија Вујовиќ, Цветанка Ивановска, Викторија Николова и Деница Цебова-Радовановиќ.

***Биографски податоци***

Кандидатот **Владимир Арсов** е роден на 19 февруари 1983 година во Кочани. Основно и средно образование завршува во Кочани. Средно образование завршува во ДЕМАУ „Гошо Викентиев“ во Кочани, насока Електроничар-електротехничар.

Во 2001 година ги започнува студиите на Правниот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Софија (Република Бугарија). Дипломира во 2006 година на Правниот факултет, насока Меѓународни односи, на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Софија, со одбрана на дипломската работа „*Взаемните односи меѓу Светската трговска организација и Република Македонија*“, со оценка многу добар 4,50. Се специјализира за референт-преведувач по бугарски јазик. Студиите на наведениот факултет се организирани по Болоњскиот процес и траат пет години (10 семестра). Кандидатот Арсов положува вкупно 48 предмети и се стекнува со степен **магистер, специјалност по меѓународни односи** (Диплома бр. М 174998).

Дипломата стекната на Правниот факултет во Софија му е нострифицирана од страна на Министерството за образование и наука при Владата на Република Македонија, со Одлука за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство, бр. 09-3978/2 од 7.6.2007 година, со што истата има валидно значење и во Република Македонија. Со наведената одлука, дипломата на Владимир Арсов се признава како документ за завршено високо образование и стекнат стручен назив **дипломиран правник**, насока Меѓународни односи. Во оригиналната диплома среден успех во студирањето му е 3,33 (2 како слаба и 6 како највисока оценка). По предметите од научната област *уставно право*, кандидатот ги добил следениве оценки: Уставно право (добар 4), Споредбено уставно право (многу добар 5), Основни права на човекот и граѓанинот (добар 4) и Општо учење за државата (добар 4). Оценки во Република Бугарија се 2, 3, 4, 5 и 6, а оценки во Република Македонија се 5, 6, 7, 8, 9 и 10. Врз основа на споредбата и пресметката на оценките, Министерството за образование и наука пресметало дека просечната оценка на додипломските студии на кандидатот Арсов изнесува 8,13 (бр.12-1705/2 од 5.3.2010 година).

Во 2009 година, Владимир Арсов се запишува на докторски студии а Филолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Софија, Република Бугарија, на областа применета политика и дипломатија, модел Европско право. Одлично зборува англиски и бугарски јазик, а завршува подготвителен курс и по италијански јазик. Во јули 2007 година е избран за помлад асистент на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип за предметите: Уставно право, Политички систем, Меѓународно јавно право и Менаџирање со ЕУ фондови. По наведените предмети изведува вежби, учествува во подготовката и одбраната на студентските есеи и семинарски трудови и присуствува на испитите, водејќи ажурна евиденција според Болоњскиот процес за активностите на секој студент. Учествува на Меѓународен собир Global Environmental Youth Convention во Лунд – Шведска, каде се стекнува со титулата „млад амбасадор по екологија на Република Македонија". Во мај 2010 година конкурирал за студиски престој во Јапонија, со позитивна препорака од наставникот по предметот Уставно право. Владее со ИТ вештини: Windows, Internet, MS Office (Adnenced level).

***Биографски податоци***

Кандидатката **Вујовиќ Емилија** е родена на 1 јуни 1986 година во Штип. Основно образование завршува во Штип во 2000 година. Во истиот град, од 2000 до 2004 година, го завршува и средното образование - гимназија, општа насока. Во 2004 година се запишува на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје и дипломира во 2008 година, со просек 8,1. Од областа на уставното право ги положува предметите: Уставно право (8) и Политички систем (10). Положува вкупно 35 предмети и се стекнува со стручен назив **дипломиран правник**. Студира според Наставниот план од 1993/94 година, одбирајќи ја казнено-правната група. На таа група добива највисоки оценки по предметите: Казнено право-применета програма (10), Криминологија (10), Пенологија (10) и Меѓународно казнено право (10). Високи оценки има и по основните предмети врз кои се темели казнено-правната група: Казнено право (9) и Казнено процесно право (9). Запишана е на втор циклус универзитетски студии на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, насока Јавна администрација, во прв семестар на учебната 2009/2010 година. Во 2008 година изработува семинарски труд за затворениците во Хаг и извршува анализа на предмети од Основниот суд - Штип. Од февруари 2009 година стажира во адвокатската канцеларија на адвокат Кирчо Иванов во Штип. Зборува англиски и српски јазик. Владее со ИТ вештини: Windows, Internet, MS Office (Advanced level).

***Биографски податоци***

Кандидатката **Цветанка Ивановска** е родена на 22 јули 1984 година во Штип. Во 2007 година дипломира на Факултетот за администрација и менаџмент на информациски системи при Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола. Стекнува стручен назив **дипломиран јавен администратор**. Положува вкупно 55 предмети, со средна оценка 7,33. Од областа на уставното право ги положува предметите: Политички систем и уставно право (6) и Локална самоуправа (6). Во 2008 година е запишана на постдипломски студии на Факултетот за администрација и менаџмент на информациски системи на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола. На овие студии положува четири предмети: Јавна администрација (6), Јавна политика (9), Надворешна политика (8), Организациска теорија и организациско однесување (8) и Методологија на истражување (8). На семинарот Isum во Тетово, во 2006 година, се здобива со сертификат за курсот Intruduction to Public Administration. Се служи со англиски, германски и грчки јазик. ИТ вештини: Windows, Internet, Exel, Power Point. Во 2008 година се здобива со диплома за завршен основен курс по компјутери.

***Биографски податоци***

Кандидатката **Викторија Николова** е родена на 28 март 1987 година во Штип. Во 2009 година дипломирала на Факултетот за безбедност во Скопје, при Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола и се стекнува со академски назив **дипломиран криминалист - безбедносна насока**. Положува вкупно 39 предмети, со просечна оценка 9,43. Од областа

на уставното право ги положува следниве предмети: Вовед во право и уставно право (8) и Полиција и човекови права (9). Запишана е на постдипломски студии на Правен факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, на насоката Применета политика и дипломатија. Во 2006 и 2007 година учествува на семинари за семејно насилство врз жените и за однесување на полицијата со старите и изнемоштени лица. Зборува англиски и германски јазик. Професионални вештини: џудо, карате, боречки вештини, обука со оружје. ИТ вештини: Microsoft Office Word, Microsoft Office Power Point, Microsoft Office Exel.

***Биографски податоци***

Кандидатката **Деница Цебова-Радовановиќ** е родена на 13 април 1986 година во Кочани. Од 2001 до 2005 година завршува средно образование во ДСУ „Љупчо Сантов“ во Кочани. Дипломира во 2008 година на прв циклус на правните студии (180 кредити) на Правниот факултет „Јустинијан Први“ на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, стекнувајќи се со стручен назив **дипломиран правник** (LLB) Bachelor of Laws. Положува вкупно 26 предмети, со средна оценка 7,42. Од областа уставно право ги положува предметите: Уставно право (6) и Политички систем (9). Во учебната 2009/2010 година е запишана на втор циклус студии на Правниот факултет - Правосудна насока на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Зборува и пишува на англиски и француски јазик. Шест месеци работи во издавачка куќа, која се занимава со издавање на практикуми од областа на правото.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на горенаведените податоци, Рецензентската комисија ги дава следниве констатации и оценки.

Прво, согласно со Законот за високото образование од 2008 година, само кандидатот Владимир Арсов ги исполнува формалните услови за избор во звањето помлад асистент. Имено, од сите пријавени кандидати само тој има статус на помлад асистент, избран за прв пат во јули 2007 година за предметите: Уставно право, Политички систем, Меѓународно јавно право и Менаџирање со ЕУ фондовите. Според преодните и завршните одредби од Законот за високото образование од 2008 година, само претходно избран помлад асистент може да биде повторно избиран за помлад асистент во траење од 2 години (член 178).

Второ, Владимир Арсов завршува петгодишни правни студии на Правниот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Софија, Република Бугарија, стекнувајќи се со стручен степен магистер по меѓународни односи. Врз основа на стекнатата диплома на Правниот факултет на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Софија, на Владимир Арсов во 2007 година во Република Македонија му е признат стручен назив дипломиран правник, насока меѓународни односи.

Трето, во текот на правните студии Владимир Арсов покажал над просечни резултати во студирањето (просечна оценка 3,33 или 8,13).

Четврто, кандидат покажал и натпросечни резултати во совладувањето на предметите од потесната област за која конкурира да биде избран за помлад асистент. Во таа област влегуваат предметите: Уставно право, Споредбеното уставно право и Основни права на човекот и граѓанинот.

Петто, во периодот од 2007 до 2010 година, во својство на помлад асистент, Владимир Арсов покажал добри резултати во водењето на вежбите и другите активности предвидени со Болоњскиот процес по предметот Уставно право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Притоа, покажал коректен однос кон студентите, знае да соработува со нив и со предметниот наставник и постапно гради поцврсти педагошки критериуми во вреднувањето на студентските активности (вежби, есеи и семинарски трудови).

Иако кандидатот се специјализирал за меѓународни односи, знаењата што ги стекнал во петгодишните научни студии во Софија му овозможуваат успешно да ги извршува обврските како помлад асистент во областа уставно право. Со поцврста ориентација кон оваа област тој може да даде и подобри резултати.

Имајќи ги предвид наведените констатации и оценки, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип му **предлага Владимир Арсов да го избере за помлад асистент во научната област *уставно право*.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Светомир Шкариќ, с.р.**
**Д-р Јован Ананиев, с.р.**
**Д-р Љупчо Сотироски, с.р.**